**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 август 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,07 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа, почитувани гости, екселенции, кколеги пратеници.

Ја отворам Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, претседателот на Владата на Република Македонија господин Никола Груевски, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија господин Киро Глигоров, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Судскиот совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, замениците претседатели на Владата на Република Македонија, министрите во Владата на Република Македонија, Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, претседателот на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната борба на Република Македонија, поранешните претседатели на Собранието на Република Македонија, поранешните претседатели на Владата на Република Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, Поглаварот на Македонската православна црква, Реис сулејман на Исламската верска заедница во Република Македонија, Скопскиот бискуп и апостолски егзарх, проповедникот на Евангелско методистичката црква на Република Македонија, претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија, градоначалникот на град Скопје, претседателот на Државната изборна комисија, ректорите на Универзитетите “Свети Кирил и Методиј” во Скопје, “Свети Климент Охридски” во Битола, Државниот универзитет во Тетово и Државниот универзитет “Гоце Делчев” во Штип, шефовите на странските дипломатско - конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Почитувани дами и господа, екселенции, браќа и сестри.

Јас го разбирам светот како поле за културен натпревар меѓу народите! Така зборуваше Георги Делчев. Ова е најчесто цитираната негова мисла, но за жал, најмалку реално прифатена. Оваа визија за светот, барем кога се работи за Делчев најнапред е визија за Македонија, зашто за него Македонија беше светот, а светот беше Македонија.

Ако е така, а поинаку и не може да биде, тогаш зошто за нас неговите следбеници, како и за нашите надежи, за нашите непроспиени ноќи и за нашата борба за една Македонија која ќе послужи за пример на толеранцијата и солидарноста, неговиот аманет да не гласи: Јас ја разбирам Македонија како поле за културен натпревар помеѓу сите што живеат во неа!?

Се согласувам дека според една филистерски немилосрдна логика ова може да звучи натегнато, а тоа и ќе беше така ако Гоцевата мисла останеше осамена. За наша голема среќа неговите современици ја разбраа оваа мисла како светлина што никогаш нема да згасне над Македонија за да ја претворат во акција во името на својата бескрајна љубов за својата татковина што ја делеа, имено, со него. На Илинден 1903 година тие во својот манифест ќе речат:

“Браќа земљаци и мили комшии!

Ние вашите вечни комшии пријатели и познајници од убавото Крушово и од неговите китни села без разлика на вера, народност, пол и убежданија, неможејки веќе да трпиме тиранијата на жедните за крв и гладните за чоечко месо муртати шчо гледаат и нас и вас да дотераат до нош, и нас и вас да дотераат до питачки стап и нашата мила и богата земја Македонија да заприлегат на пуста пустина, денес дигнафме глава и решивне со пушка да се браниме од наши и ваши душмани и да добиеме слобода... Бидејќи од дедо-прадедо си живејме како браќа на оваа земја, ние ве имаме како свои и сакаме докрај да останиме свои. Ние не дигнавме пушка против вас - тоа би било срам за нас; ние не дигнавме пушка против мирниот трудољубивиот и чесниот турски народ шчо се прерануат како нас со крв и пот - тој јет наш брат со него сме живееле и пак сакаме да живееме... ние не излеговме да порисјанчуваме и да бесчестиме наши мајки и сестри, жени и ќерки. Требит да знајте оти вашиот живот, вашата вера и вашата чес ни се толку скапи колку шчо ни сет скапи нашите... Елате браќа муслимани при нас да тргнеме против вашите и наши душмани! Елате под бајракот на Афтономна Македонија! Македонија е наша мајка и викат на помош... Ама ако ви јет намуз да дојдите при нас и да се објавите против царската тиранија, ние вашите по таткојна и по страданија браќа, немат да се докачиме и не ќе ве мразиме. Ние сами ќе се бориме и за нас и за вас, ако је потребно до еден ќе умриме за нашата и вашата слобода и за нашето и ваше право”.

Нека Господ Бог да благослојот светата борба за правото и слободата!”( затворен цитат)

Овие определби и вредности земени заедно, било синтетички, било синкретички, како што милувате, ја сотворуваат самата суштина, го конституираат самиот дух, го насетуваат самото битие на македонската државна мисла и го дефинираат

реалното мислење на секоја македонска политичка елита што смее да се нарече самата македонска или да биде така наречена од друг.

Политичките ставови можат да се менуваат, да се оспоруваат, да се прилагодуваат, но самиот дух на секој политички став за да се претвори во траен морален принцип, мора да опстане во времето. Четириесет години по херoиката на Илинденското востание принципот за кој станува збор - доживува славна потврда.

Историски факт е, дека овие определби, сега веќе морални принципи и политички вредности се втемелени и во Вториот Илинден - АСНОМ 1944 година.

Но, самодефинирањето иако е потешко од се, не е доволно за да се опстане меѓу другите ако нема политичка, а уште поважно, човечка поткрепа имено од другите, од другиот како таков! Има ли нашето себедефинирање таква поткрепа од другите? Од мнозина да. Од малцина не!

Такви поткрепи имаме од Свети Павле до се она што ни го порачува Европската уника и сите други вон Европската унија! Дозволете ми да цитирам две од другите, од чуждите такви мислења.

Имено, големиот Британски државник Гледстон ќе рече: "Македонија на Македонците"! И веднаш да сме начисто - под поимот Македонци тој, имено исто како Илинденците од Крушево како и Илинденците од Прохор Пчински, ги подразбира сите жители на Македонија, во која рамноправно и слободно живеат.

А сега дозволете ми да цитирам еден Ирец наш голем пријател, неговата екселенција Амбасадорот на Европската унија Ерван Фуере. Во својот текст со наслов "Крстопати" посветен на 50-годишината од Римските договори, господин Фуере на самиот почеток цитира дел од содржини на два документи кои се донесени во временски интервал од педесетина години Првиот цитат гласи: "Елате при нас браќа да си слејме душите и срцата и да се спасиме, та ние и нашите чељат и пречељат да живејат мирно и да си работат спокојно и да напредуаат". Не треба да потсетам дека ова е дел од Манифестот на Крушевската Република.

Вториот цитат на Амбасадорот Фуере ведаш после овој гласи: "Решени да ја зајакнат одбраната на мирот и слободата преку воспоставување на ова здружување на ресурси, и повикувајки ги другите народи на Европа кои го споделуваат истиот идеал, да се приклучат во остварувањето на овие напори". Ова е цитат од преамбулата на Договорот за создавање на Европската Економска Заедница во Рим 1957 година. Фуере продолжува, изведува заклуч од од двата цитати:

"Беа потребни речиси сто години да се оствари визијата на творците на Крушевскиот манифест, што преставува очигледен потсетник за тоа колку историјата на балканскиот регион оставила неизбришива трага во историјата на Европа како целина. И додека Договорот од Рим преставува круцијален мeѓник во европскиот интегративен процец, многу повеќе години беа потребни за луѓето од Балканот да изнајдат релативен мир и перспективата за членството во Европската унија да стане реалност" - затворен цитат". Навистина сум среќен дека еден Ирец така добро ја проучил и ја разбрал нашата историја која на еден начин е дел и од неговата. Навистина сум среќен дека Амбасадорот Ерван Фуере, токму врз овие историски факти така успешно знае да ги престави нашите европски определби покажувајќи дека ние, граѓаните на Македонија сме дел од европското семејство.

А што да се рече за значајното место што во нашето срце го завземаат САД популарни кај нас како Америка? Уште пред доктрината на Вилсон стотици илјади Македонци ја градеа Америка и печалеа во неа. Мнозина од нив се враќаа дома како американци по дух.

Мнозина пак од овие ја сонуваа слободата преку идејата за независна Македонија под протекторат на Америка. Мнозина од нив ги импрегнираа студените ѕидови на мрачните зандани со својата крв за оваа идеја.

Денес најхрабрите македонски мажи војуваат на страната на слободата во Ирак и Авганистан, војуваат на страната на 21-от век против средниот век таму!

Ете тоа се само некои сведоштва, кои недвосмислено покажуваат дека нашето пријателство со САД не е само банална политичка коњуктура, а нашата верност кон нив не е меркантилно додворување.

Дами и господа, браќа и сестри, граѓани на Македонија и наскоро граѓани на Европа.

Време е да помислиме, а богами и да поработиме за нашата иднина што ќе дојде само кога со нашата работа ќе ја повикаме. Убеден сум наскоро!

Зашто исто како што минатото неотповикливо обврзува на верност, иднината за да дојде, од нас бара слога, сложна работа и резултати. За жал и бидејќи несравнително полесно е да се фалиме со верноста кон минатотото, а при тоа само на зборови, без дела, ние најмногу често подигаме паравани зад кои јалово се надевавме дека ќе го затскриеме сопственото безделништво. Понекогаш, за жал готови сме да го распнеме на крст оној што сака да изгради нешто, што сака зборовите да ги поткрепи и со дела, оставајќи јасни обележја на својот патриотизам.

Материјалот од кој се создадени овие пеколни паравани е неслогата. Но за да ни се случи иднината, ние мораме да ја капариме со денонoќна и докрај чесна работа и со слога.

А што е и што може да биде нашата иднина, кон која понекогаш, толку несложно, а истовремено со толку голема надеж чекориме? Европа без секакво сомневање.

Поради тоа јас повикувам сега и овде и од ова место да кажеме јасно и гласно: Помила ли ние нашата европска иднина, помили ли се нашите деца, помила ли ни е Македонија во која се

колнеме, или помила ни е кавгата? Помило ли ни е да пристапиме во Европската унија или помило ни е да не пристапиме? Да останеме надвор од неа под услов нашиот политички ривал да биде прогласен за виновник за тоа?!

Ајде да кажеме но и да покажеме и докажеме со дела, не со зборови.

А тие дела или најдобро речено нашите домашни задачи се јасни и дефинирани, а би рекол барем на зборови сите ги прифаќаме. Треба да продолжиме и да го завршиме процесот на реформите во правосудството. Па не затоа што тоа од нас го бара Брисел туку пред се за нас, граѓаните на Македонија. Бидејки само во вистинска правна држава во која владее правото и во која има самостоен и професионален судски систем, може граѓанинот да се чуствува вистински слободен, бизнисменот да се чуствува сигурен за својот капитал, политичарот да се чуствува одговорен пред законот и дека не е над него. Никогаш не треба да заборавиме дека нашите дедовци, без да имаат своја држава имале свое судство, на чии што одлуки се повинувале неотповликливо. Што е тогаш за нас толку тешко да создадеме независно судство во своја слободна држава.

Понатаму, да продолжиме со успесите во борбата против корупцијата и организираниот криминал, бидејќи ова зло кое денеска е глобално го погодува пред се обичниот граѓанин и кај нас но и секаде во светот. Патем, нашите дедовци незнаејќи го зборот корупција, правеле се за да останат чесни, додека мнозина наши современици кои знаат дека зборот корупција во превод значи расипаност си останува расипани.

Да продолжиме со нашата надворешна политика, во остварување на нашите државни интереси но и како веќе потврден и активен чинител на мирот во времето, потврден во времето и активен чинител на мирот во регионот, но и со борбата против тероризмот на глобално ниво.

И на крајот, секако да работиме за нашиот натамошен економски развој, бидејќи, ќе се сложите, тоа е и основниот услов за демократија, за правна и социјална држава.

За да ги оствариме овие наши задачи ние го имаме Уставот како рамка во која се вградени вредностите и принципите на Крушевскиот манифест, на АСНОМ но и на Охридскиот договор.

Затоа, од ова место ве повикувам сите да ги разбудите прекрасните демократски капацитети кои не еднаш брилијантно ги имате демонстрирано во овој законодавен дом.

И во тој дух на демократија, на заедништво, на слобода и солидарност, на толеранција и почитување на различноста, ви ги честитам двата Илиндена. Ако Крушевскиот манифест завршува со поздравот “Ура за Автономна Македонија” денеска благодарејќи на сите илинденци, на сите борци и сонувачи за слободна и самостојна Македонија ние имаме можност со гордост да речеме “Ура за Европска Македонија”

Нека ни се срећни и долговечни обата Илиндена.

Да живее Македонија.

Ви благодарам на вниманието.

(Аплауз)

Драги гости, пријатели, браќа и сестри, колеги пратеници.

Ја заклучувам Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

(Седницата заврши во 15,27 часот)